Следната композиција е свитата на нашиот композитор и професор Томислав Зографски во која со огромно мајсторство и доза на хумор се одсликани музички форми од Барокот. Ова фасцинантно дело од еден од најзначајните личности на класичната музика кај нас, на некој начин претставува Македонски музички барок. Младиот Зографски ја започнал Суитата како композиција за виолина и пијано во 1962 во студентските денови во Белград каде виолинистот Гане Шуплевски за прв пат ја изведувал пред публика. Подоцна во годините кои следеле професорот го доработил делото во оваа денешна форма за гудачки оркестар.

За да се опише Концертот за пијано бр. 23 на Моцарт, може едноставно да се цитира композиторот Месијан: "Се наоѓа таму горе со сите концерти за пијано; најсовршен од сите, можеби и најубавиот!" Исполнет со мек тон и убави мелодии и Адаџото како едно од најемотивните страници во целиот пијано репертоар, овој концерт е вистинско богатство за изведувачите и публиката. Младиот и перспективен пијанист Рафаел Д'анцело, пријател од предходни настани на ПОЛИФОНИЈА во Италија како Директор на Basilicata  Concert Society, ќе го изведе овој концерт на прекрасен инструмент во Скопје, пред да замине со истиот репертоар на гостување во Моцартеум, Салзбург.

Текст на Сања Шуплевска Боирал

Особена благодарност за овој настан до маестро Иван Еминовиќ, Raffaele D'Angelo, „Авон“, Српското културно друштво „Спона“, ресторанот „Ла Тераца“, НУ Национална Опера и Балет и Министерство за култура на РСМ.
ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ НА СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Министерство за култура



J. S. Bach - Erbarme dich, mein Gott (Matthäus-Passion, 1727)
**АЛЕКСАНДРА КОЦЕВСКА** - мецосопран
**САЊА ШУПЛЕВСКА** - виолина
**ЈАНИНКА НЕВЧЕВА** - харпсикорд
**ОРЦЕ ИЦКОВСКИ** - фагот

J. B. Lully - Marche pour la Cérémonie des Turcs (comédie-ballet Le Bourgeois gentilhomme, 1670)
Горан Начевски - баритон

T. Zografski - Suite for orchestra in op. 60 (musical baroque caricatures 1962)
-Preludio
-Bouree
-Recitativo
-Interludio
-Sarabande
-Gavotte
-Postludio

W. A. Mozart - Piano Concerto K. 488
(No. 23 in A - 1786)
Raffaele D'angelo - пијано
-Allegro
-Adagio
-Allegro Assai

Диригент: Иван Еминовиќ
Оркестар IN MEDIAS RES-ПОЛИФОНИЈА:
Виолини: Александра Д. Колевска, Ирена П. Костовска, Владимир Цветковски, Михајло Михајловски, Гоце Вангеловски, Крстина Шокароска
Виоли: Кристина Стојановска, Сања Михајловска
Виолончела: Александра Јаневска, Игор Шкерјанц
Контрабас: Кристијан Кожуманоски
Флејта: Марија Јаќимовска
Кларинети: Петар Христовски, Ристо Ѓоревски
Фаготи: Орце Ицковски, Зоран Митев
Хорни: Горан Јанев, Биљана Смилевска
Перкусии: Кристијан Христовски и Калина Христовска
СПЕЦИЈАЛНИ ГОСТИ ОД ЉУБЉАНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА
ИГОР ШКЕРЈАНЦ И ЗОРАН МИТЕВ

Концертот ќе започне со еден од највозвишените агли на Ј.С. Бах - арија од неговата Пасија по Матеј која би се превела "Имај милост Господи, Боже мој, заради моите солзи". Оваа арија ја одразува самотната болка на Св. Петар по негирањето дека го познавал Исус. Напишана во 12/8, што укажува на барокен танцов ритам на сицилијана, убавината и длабоката тага соживеат во оваа музика и го надминуваат описот и буквалното значење. Полскиот поет и романсиер Адам Загајевски ја нарекол оваа арија "центар и синтеза на западната музика".

Брилијантно комбинирајќи ја сатирата со помпа и спектакл, музиката за Турска церемонија во Версај, ни доаѓа од времето на Кралот Сонце - Луј XIV, и неговиот дворски композитор Ж. Б. Лили. Специфичната убавината и динамичноста на неговата музика се чинат сосема запоставени кај нас и во светот. Македонскиот врвен баритон и професор Горан Начоски беше првиот солист кој настапи со оркестарот на ПОЛИФОНИЈА на премиерата на ова дело во Скопје во 2008.

# ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ / AUTUMNAL MUSICAL FESTIVITIES

*ноември* **2023** *november*


Дирекција за култура и уметност – Скопје
Directorate of Culture and Arts - Skopje
бул. „Св. Климент Охридски“ 58 б. п.фах 519
тел/факс: 3222 341, 3165 064
e–mail: skleto@unet.com.mk www.dku.org.mk
www.facebook.com/skopskoleto.skopje
skopskoleto
@skopskoleto
www.skopskoleto.mk


ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ / AUTUMNAL MUSICAL FESTIVITIES

*ноември* **2023** *november*

## Концерт на
# ВЛАДИМИР ДОМАЗЕТОВИЌ
## пијано, Црна Гора



**16 ноември (среда) 2023, 20:00ч.**

**Факултетот за Музичка Уметност - Скопје**

Република Северна Македонија
Министерство за култура



П Р О Г Р А М А:

**R. Schumann:** Kinderszenen, Op. 15

**S. Rachmaninoff:** Preludes Op. 3, br. 2, cis-mol

Op. 23, br. 2, B-dur

**L. van Beethoven:** Sonata, Op. 7, br. 4, Es-dur

**ВЛАДИМИР ДОМАЗЕТОВИЌ** основното музичко образование го стекнал во Бар, а потоа се запишал во класата на професорот Слава Габријелов, со кого, според неговите зборови, стекнал значително искуство во интерпретација на пијано. Се запишал на Музичката академија во Титоград како најмлад студент во тоа време на Универзитетот во Црна Гора. Студирал и магистрирал на музичката академија во Цетиње во класата на професорот В. Бочкарјов, а специјалистичките студии ги завршил во Париз на Високата школа *Alfred Cortot* во класата на професорот Маријан Рибички каде се стекнал со диплома на пијанист – изведувач. Тој е лауреат на републички и сојузни натпревари на поранешна Југославија. На шеснаесет години е победник на Првиот меѓународен натпревар по пијано во Нови Сад и со тоа влезе во кругот на најуспешните млади пијанисти на поранешна СФРЈ. Добитник е на втора награда на Меѓународниот натпревар во Рим (1993) и бил финалист на престижниот натпревар по пијано во Сенигалија (1994). Неколкупати настапувал на фестивалите Барски љетопис, Град театар-Будва, Еспресиво, Денови на музиката, Монтенегро музички фестивал, Номус, Нимус, Бемус и многу други. Имаше забележителни настапи низ Европа и снимаше за неколку телевизиски и радио станици. Во Париз неколку пати настапуваше во престижната сала *Alfred Cortot*, како и во Полската амбасада и Југословенскиот културен центар, а сними и одредени дела за телевизијата Арте.

Неговите настапи редовно се проследени со исклучителна музичка критика. Забележителни настапи со еминентни оркестри како што се: Симфонискиот оркестар РТВЦГ, Белградската филхармонија, оркестарот Virtuosi di Praga и италијанскиот Mitteleuropa оркестар. Покрај самостојните настапи, тој изведе серија успешни концерти интерпретирајќи камерна музика како член на пијано трио со В.Кленковски (кларинет) и К.Станковиќ (виолончело). Посетувал семинари на познати педагози по пијано како Константин Богино, Жан Фасина, Жак Рувие и Владимир Виардо, со кои одржувал менторска соработка.

За неговите достигнувања на полето на уметноста добива високи општествени награди кои му ги врачија Центарот за современа уметност Подгорица, Општинското собрание на Бар и Црногорската академија на науките и уметностите. Тој е вонреден професор на Музичката академија во Цетиње.



**ТАЊА БОГДАНОВИЌ** (1982) завршила основно и средно музичко училиште во Котор во класата на професорите Људмила Петрова и Виталиј Гуљиќук. Дипломирала на музичката академија во Цетиње во класата на професорот Роман Симовиќ. За време на студиите освоила бројни награди на натпревари во земјата и странство, од кои би ја издвоила првата награда на меѓународниот натпревар во Барлета, Италија, како и признанието од ОМПА/Младинската музичка и поетска асоцијација. Била член на Младиот мировен оркестар и на камерниот оркестар Камерата Академика. Настапувала на бројни фестивали и посетувала семинари со А. Камиларов, А. Островски, Х. Акејникова. Била член на Црногорскиот симфониски оркестар со кој настапувала и како солист. Свирела во камерниот оркестар Нуова како и во истоимено трио. Таа е член на Балканскиот оркестар, со кој настапуваше во Белград и Јапонија. Долги години работи како наставник по виолина и камерна музика во музичко училиште во Цетиње, Црна Гора, каде моментално ја извршува функцијата директор.



**АЊА АБРАМОВИЌ ВУЈОВИЌ,** пијанистка, е родена во 1992 година во Цетиње (Црна Гора). Завршила основни и специјалистички академски студии по пијано во класата на професорот Бојан Мартиновиќ на Универзитетот во Црна Гора. Дипломата како изведувачка пијанистка ја добила по обуката во Париз во престижната Ecole Normale de Musique de Paris, Алфред Корто, во класата на професорката Гуигла Кацарава. Добитничка е на многу награди и учесник на бројни мастер курсеви по пијано во Црна Гора и во странство.

Со години работи како професор по пијано, камерна музика и корепетитор. Работела во C. A. S. L. Cercle Culturele et athlétique St Léon, во Париз, потоа како придружник во соработка со конзерваториумот од седумнаесеттиот арондисман на Париз, Клод Дебиси. Моментално работи како професор по пијано и корепетитор во музичко училиште во Цетиње, Црна Гора.

**Дирекција за култура и уметност – Скопје**
**Directorate of Culture and Arts - Skopje**
бул. „Св. Климент Охридски“ 58 б. п.фах 519
тел/факс: 3222 341, 3165 064
e–mail: skleto@unet.com.mk www.dku.org.mk

**ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ**
**DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE**

ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ / AUTUMNAL MUSICAL FESTIVITIES
*ноември* **2023** *november*

# Концерт на квартет - Црна Гора

## **ТАЊА БОГДАНОВИЌ** – виолина
## **САРА ВУЈОШЕВИЌ ЈОВАНОВИЌ** – сопран
## **ДМИТРИ ГРИНКИН** – баритон,
## **АЊА АБРАМОВИЌ ВУЈОВИЌ** - пијано






**18 ноември (сабота) 2023, 20:00ч.**
**Музеј на македонската борба**

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА

## ПРОГРАМА:

Полюбила я на печаль свою (Се навикнав на тагата своја)
A. Plescheyev (T. Schevchenko), op. 8, no. 4

Сирень (Јоргован) – E. Beketova, op. 21, no. 5

Дитя как цветок, ты прекрасна (Дете, преубава си како цвет)
A. Plescheyev (from Heine), Op. 8, no. 2

В молчании ночи таинои (Во тајната ноќ) – A. Fet, op. 4, no. 3

Два прощания (Две разделби) - duet za soprana i baritona- A. Kaljcova

Сон (Сон) – A. Pleshcheyev (from Heine), op. 8, no. 5

У моего окна (Покрај мојот прозорец) – G. Galina,op.26,no.10

Не пой красавица при мне (Не пеј убавице пред мене) – A. Pushkin, op. 4, no. 4

Она как полдень хороша (Таа е како пладневно сонце) – N. Minski, op. 14, no. 9

Вокализ (Вокализа) – za violinu i klavir, Op. 34, no 14

Здесь хорошо (Овде е прекрасно) – G. Galiny, op. 21, no. 7

Весенные воды (Пролетни извори) – F. Tyutchev, Op. 14, No. 11

Ночь печальна (Тажна е ноќта) – I. Bunin, op. 26, no.12

Мы отдохнём (Ќе одмориме) – A. Chekhov, op. 26, no.
Arija Frančenske (iz opere 'Frančeska de Rimini')

Kavatina Aleka (iz opere 'Aleko')

Сцена крај колевката (дует на Земфира и Алеко од операта „Алеко")

Креативноста на Сергеј Рахмањинов претставува еден од најважните сегменти во светската музичка култура. Неговиот композиторски опус се смета за симбол на сè што е руско, а тој самиот статистички е најчесто изведуваниот руски композитор во светот. Рахманинов помина повеќе од 25 години надвор од Русија, во Западна Европа и Америка, прво патувајќи како космополит и виртуоз, а подоцна како емигрант. Неговите дела се автентичен и искрен документ на епохата во која живеел. Неверојатно чувство на припадност, искреност и чистота на чувствата направи генерации музичари повторно и повторно да се вратат на неговите дела.

2023 година е посебна за љубителите на делото на Сергеј Рахмањинов: се одбележува 150-та година од неговото раѓање. Решивме да се приклучиме на одбележувањето на тој датум и ви предлагаме вечер на вокално-инструментална музика од Сергеј Рахмањинов, каде ќе бидат изведени неговите најпознати романси и сцени од неговите најпознати опери „Франческа да Римини" и „Алеко".



**САРА ВУЈОШЕВИЌ ЈОВАНОВИЌ**, сопран, е родена на 5 декември 1986 година. во Подгорица. Дипломирала академско-оперско пеење, во класата на оперска примадона Вера Ковач Виткаи, на Академијата за уметности во Нови Сад. Своите двегодишни магистерски студии по оперско пеење ги завршила во класата на солистот на Бољшој театарот Дмитриј Трапезников, на Државната академија Мајмонид, во Москва. Исто така, магистрирала и на Економскиот факултет на Универзитетот во Црна Гора, насока „Маркетинг и бизнис". Докторирала на катедрата за музичка теорија, композиција и музикологија на третиот најстар државен конзерваториум во Русија „Л.В.Собинов". Добитничка е на многу меѓународни награди и признанија. Долги години работи на Факултетот за драмски уметности - Универзитет во Црна Гора, каде од 2022 година е избрана на звањето доцент и предава група предмети Глас на додипломски и магистерски студии (студиска програма по актерска игра). како и предметите Музичка уметност I, Музичка уметност II, во основните студии - Драма и Театар студиска програма. Моментално ја покрива функцијата продекан за наука и меѓународна соработка.



**ДМИТРИЈ ГРИНИХ**, баритон, по потекло од Украина. Лауреат на меѓународни натпревари, дипломирал на Вокалниот факултет при Руската музичка академија „Гњешин" и на истата академија магистрирал и докторирал на насоката „Оперско пеење". Долго време предавал академско пеење на различни универзитети во Москва, од кои еден е Московскиот државен универзитет (МГУ). Од 2017 до 2022 година бил декан на Факултетот за вокални уметности на Меѓународниот славјански институт во Москва. Лауреат е на бројни меѓународни натпревари и фестивали. Како солист настапувал на сите континенти и во репрезентативни сали. Од 2022 година живее и работи во Црна Гора.

Јордан Петрушевские роден во 1994 година во Велес каде што го започнува своетоосновно музичко образование по пијано.Потоа продолжува во средното музичко училиштеДМУЦ „Сергеј Михајлов “-Штипкакоспецијален интрумент пијано каде што завршува соодличен успех, како најдобар ученик во неговатагенерација.Своето музичко образование продолжува да гонадоградува на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата напроф.Рита Трпчева–Поповиќ и исто така дипломира со највиско отценка и стипендија занадпросечен успех.За време на своето школување,учевствува во посетување на различни семинари,натпреварувањаи гостувањакако и работатаво следниве земји: Романија, Бугарија, Србија,Италија, Австрија,Хрватска но и во Р.С. МакедонијаПочнувајќи од периодот на студиите па се до ден денес, настапува како солист и членво камерни ансамбли и корепетитор во Р.С.Македонија и надвор од неа Одржува концерти во Европа но и во САД, го издвојува успешниот концерт во ЊуЈорк,Сад оваа година. Од 2018 година се здобива со титулата професор по пијано во во основни и средни приватни музички училишта. Во моментов е коорепетитор –пијнист во Националната Опера и балет и работи со врвни музичари и диригенти и се здобива со големи пофалби ,награди и признанија.

ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ / AUTUMNAL MUSICAL FESTIVITIES
ноември 2023 november

# Концерт

## МУЗИЧКО ПАТУВАЊЕ НИЗ ЗВУЦИТЕ НА ОБОА И ПИЈАНО

**ЃОРГИ ПЕТРУШЕВСКИ – обоа**

**ЈОРДАН ПЕТРУШЕВСКИ - пијано**

Гостин на концертот: **ДЕШИРА АХМТЕИ-КРЛИУ – сопран**





**2 декември (сабота) 2023, 18:30ч.**

**Фоаје на НОБ**

Република Северна Македонија
Министерство за култура

# П Р О Г Р А М А :

Програма за концерт „Музичко патување низ звуците на Обоа и Пијано “ во склоп на фестивалот „Есенски Музички свечености“ во 2023год.

Ѓорѓи Петрушевски –Обоа

Јордан Петрушевски – пијано

Гостин на концертот : Дешира Ахмтеи-Крлиу – сопран

Е.Сатие –Gnoissienne No.1 – Јордан Петрушевски –пијано

С.Стојков-Соната за обоа и пијано Ѓорѓи Петрушевски–обоа, Јордан Петрушевски–пијано

Македонска народна песна–„Не си го продавај Кољо чифликот“ Ѓорѓи Петрушевски–обоа, Јордан Петрушевски–пијано

А.Мула–“Agimet Shqiptare” за сопран,обоа и пијано Дешира Ахмети Крлиу–сопран, Ѓорѓи Петрушевски–обоа, Јордан Петрушевски–пијано

Ч.Колин – Конкурсно соло за обоа и пијано бр.3 - Ѓорѓи Петрушевски – обоа, Јордан Петрушевски-пијано

Kenge Arbereshe-„Moj e bukura Moren“–албанска народна песна -Дешира Ахмети Крлиу–сопран, Ѓорѓи Петрушевски–обоа, Јордан Петрушевски–пијано

Ф.Шопен – Етида оп.1- бр.3 Јордан Петрушевски –пијано

Р.Шуман- Три Романски за обоа и пијано ,Романса бр 1 – Ѓорѓи Петрушевски –обоа, Јордан Петрушевски –пијано

Џ.Пучини–Арија на Тоска од истоимената опера Дешира Ахмети Крлиу–сопран, Јордан Петрушевски–пијано

Е.Мориконе – Обоата на Габриел – Ѓорѓи Петрушевски –обоа, Јордан Петрушевски – пијано

Г.Гершвин – „Summer Time “ – Дешира Ахмети-Крлиу , Јордан Петрушевски – пијано , Ѓорѓи Петрушевски -обоа

Ѓорѓи Петрушевски роден во 1994-та годинаво Велес каде што го започнува своето основото музичкообразование.Потоа продолжува во средното музичкоучилиште„Илија Николовски–Луј“во Скопје како главенинструмент обоа каде што завршува со одличен успехикако најдобар ученик во неговата генерацијаисе здобивасо многу награди на државни и меѓународни натпревари. Своето музичко образование продолжува да гонадградува на Факулетот за музичка уметност во Скопјево класата напроф. М-р Гордана Јосифова-Неделковскакаде исто така постигнува големи успеси и дипломира сонајвисока оценкаи стипендија за надпросечен успех.Почнувајќи од периодот на студиите па се до денес,настапува како солистичленвокамерниансамбливоР.Северна Македонијано и надвор од неа. Како солистнастапува ипостигнувазначајни успеси и освојува многубројни награди и учевствува во фестивали од кои поважни се ,,Даворин Јенко“-Србија,„Интерфест Битола-Р.С.Македонија,,Охридски Бисери“–Охрид Р.С.Македонија како и натпревари во соседнаБугарија.Вотоа време посетувамастеркласод врвни професори по обоа во Австрија, Шведска,Хрватстка,Бугарија,Црна Гораи Србија. Настапува како солист со симфонискиот оркестарна ФМУ и како член (прва обоа) вопроект вооркестар во Стокхолм-Шведскаи изведуваат дело во кое што тој и самиот учевстуваво неговото компонирање.Изведува рециталиво поголем број градови во државата но и надвор во Европа и во САД, каде посебно го издвојува рециталот во ЊуЈорк,САД сез добива содругипризанија и во камернатамузика,како последен успешен проект го издвојуванастапот со формираниот барокен камерен оркестар при Националната Опера и Балеткадеизведуваат дела од епохата на барокот во една поразлична форма и постигнува големи успесивоафирмација на барокната музика. Редовно е вработен вооркестарот на НационалнаОпера иБалеткакообоисткаде што исто се здобива со големо искуство во професионален оркестар вообласта на оперската,балетскаикамернатамузикаи соработува со светски,врвнидиригенти од кои што добива големи пофалби и стекнувауспешнисоработки.